РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-934/3
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-тата седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-934/1 од 28.02.2024 година, против службени лица од ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Воедно, ДКСК утврди дека во врска со случајот веќе постапиле други надлежни органи: Секторот за контрола и надзор при /// и Управата за /// при Министерството за ///.

Предметот со број 12-934/1 од 28.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 28.02.2024 година поднесена е пријава против службени лица од ///, и оформен е предмет број 12-934/1 од 28.02.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека службени лица од /// во 2016 година извршиле прибележување на Барање за приватизација на земјиште во државна сопственост бр./// поднесено на /// година.

Подносителот на пријавата смета дека службените лица од ///, со прибележување на конкретното Барање за приватизација постапиле незаконски, бидејќи истото го сториле две години по истекот на законски пропишаниот рок, бидејќи не утврдиле дали подносителот на барањето во моментот на поднесување на барањето имал запишано корисничко право на предметната парцела, и бидејќи не зеле предвид дека Министерството за /// постапило спротивно на членот 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на РМ“ бр.144/14) и притоа за истото не поднеле пријава до Основно јавно обвинителство. Согласно членот 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на РМ“ бр.144/14), *„(1) Органот на управата надлежен за имотно правните работи е должен во рок од шест месеци по истекот на рокот за поднесување на барања за приватизација, до Агенцијата за катастар на недвижности да ги достави сите барања за приватизација на градежното земјиште по кои постапката за приватизација не е правосилно завршена, заради нивно прибележување во катастарот на недвижности и бришење на запишаните права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности. (2) Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од шест месеци од денот на доставувања на барањата од став (1) на овој член, да изврши нивно прибележување во катастарот на недвижности и да изврши бришење на запишаното право на користење на градежното земјиште за кое се однесуваат барањата. (3) Агенцијата за катастар на недвижности во рок од шест месеци по истекот на рокот за доставување на барања од став (1) на овој член, по службена должност врши бришење на сите запишани права на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности“.*

Дополнително, подносителот на пријавата изразува и сомневање за извршена промена на бројот на предметот во /// без постоење на правен основ, кое сомневање го основа на некореспондентност помеѓу бројот на предметот оформен по барањето за приватизација и бројот на предметот по кој е извршено прибележувањето.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Воедно, ДКСК утврди дека Секторот за /// при /// и Управата за /// при Министерството за /// презеле дејствија по претставки поднесени од страна на подносителот, по што до подносителот доставиле писмени известувања.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата